MSA IP

🎓 **КОНКУРС ЗА РАБОТНА ПРАКСА**

🧠 *Развивај експертиза во областа на интелектуалната сопственост !*

MSA IP е компанија која нуди услуги во доменот на **интелектуална сопственост** на клиенти ширум светот. Оваа година, MSA IP организира програма **за пракса** и бара мотивирани студенти и дипломирани индивидуии кои сакаат да влезат во светот на интелектуалната сопственост и да станат дел од динамичен и професионален тим.

🔍 **Кој може да аплицира?**
Програмата е отворена за **апсолвенти, неодамна дипломирани студенти, магистранти и докторанти од општествени, природни науки и технички факултети** , кои се:

✔ До 26 години

✔ Заинтересирани за стекнување практично искуство и кариерен развој во областа на интелектуалната сопственост

✔ Подготвени за работа на англиски јазик (потребно е минимум ниво Б2)

📅 **Детали за програмата** :

- Времетраење на праксата: 3 недели – 6 часа на ден во работни денови
- Почеток: мај 2026 година
- Вклучен финансиски надомест
- Можност за вработување по праксата за кандидатите кои успешно ќе ја завршат програмата

💼 **Што ќе работите?**

- Подготовка на правни документи
- Анализа и извлекување на податоци
- Комуникација со институции и странски соработници
- Следење и известување за случаи
- Работа во внатрешни бази на податоци
- Запознаеност со националните и меѓународните системи за интелектуална сопственост

📚 **Теми што ќе ги обработувате за време на праксата** :

- Право на интелектуална сопственост - основи и практична примена
- Закони поврзани со интелектулната сопственост (национални, европски и меѓународни системи)
- Стратегии за заштита и користење на правата на интелектуална сопственост
- Работа со бази како што се WIPO и EPO
- Деловна кореспонденција, онлајн алатки и деловна комуникација

💡 **Зошто да аплицирате?**
Оваа програма е добра можност за оние кои размислуваат да развијат знаења и кариера во областа на заштитата на интелектуалната сопственост. Преку работа на специфични задачи и со поддршка на искусен тим, практикантите ќе имаат можност да стекнат нови знаења и подобро да се запознаат со светот на интелектуалната сопственост. За оние кои ќе покажат мотивација и интерес, постои можност за вработување по завршувањето на праксата.

Сите заинтересирани да испратат CV на англиски јазик на elena.bliznakovska@msa-iplaw.com.